Никола Шалваринов е роден на 07.10.1983 година во Скопје. Средното образование го завршува во Американското интернационално училиште на Солун,"Pinewood" . Се запишува на Факултет во Грција, "Anatolia College of Thessaloniki", каде студира на англиски јазик. По завршувањето на додипломските студии се стекнува со диплома за завршени студии на Меѓународни односи и надворешни работи и диплома за завршени студии на Југоисточна Европа.

Како млад човек има стекнато големо работно искуство во невлади организации. Од март 2007 година до септември 2009 година, "Евро-Балкан" Центар за истрага и анализа на надворешната политика на САД, Грција, Јапонија. Од 2009 година до 2013 година работи хонорарно на преводи од македонски на англиски за повеќе компании. Во овој период исто така работи и на испитување и анализа на јавно мислење во институт. Во периодот од ноември 2012 година до февруари 2014 година работи во маркетинг агенцијата, во делот на односи со клиенти, Facebook - рекламирање и менаџирање, Менаџирање на информации/реклами на социјални мрежи и YouTube како и превод од македонски на англиски јазик. Од февруари 2014 година до септември 2014 година започнува со работа во неделен весник за Економија, во делот на сектор за продажба на рекламен простор. Во периодот од февруари 2014 година до јуни 2014 година станува управител на секторот за маркетинг и односи со јавноста на политичката партија, АПМ - Алијанса за Позитивна Македонија" . Од септември 2014 година до август 2015 година започнува работа во делот на маркетинг и односи со јавноста за Македонија и Бугарија во електронски медиум, од септември 2014 година работи во консактинг агенција во делот на односи со клиенти.

Меѓународните односи и дипломатијата преставуваат традицијата во фамилијата Шалваринови. Г-дин Никола Шалваринов, бил конзул во Австралија во СФРЈ, кој воедно е дедо на младиот Никола Шалваринов, по кого го има добиено името.

Покрај ваквото богато работно искуство и образование, Никола Шалваринов слободното време го минува во спортување кошарка. Има одлично познавање на англискиот јазик, зборува и чита грчки јазик и има основни познавања од јапонскиот јазик.